# PERDICCAS II AND BRASIDAS: THE CAMPAIGN IN LYNCESTIS

**Katerina Mladenovska-Ristovska, Ph.D.**
**Institute of National History – Skopje**
**katerina.mladenovska@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

**Abstract:**

The subject of interest of this paper is the joint campaign of the Macedonian king Perdiccas II and the famous Spartan military leader Brasidas against the Lyncestian ruler Arrhabaeus I, seen in the wider context of the longstanding Peloponnesian War. Macedonia and Sparta were endangered in front of the same enemy - Athens, which led to the approximation of their interests. The Macedonian king strove for gradual unification of Macedonia with all the Macedonian tribes and elimination of the Athens pressures on the northern Aegean coast, while the primary goal of Sparta was, however, to acquire the Athenian allies on its side. This text analyzes the course of the campaign and the joint Macedonian-Spartan military operations, which, in their ending, due to incongruity and misunderstanding, led to a temporary interruption of the Macedonian-Spartan alliance. It was actually a campaign of two armies, without a joint command, with different military organization or, mildly speaking - a weak coordination, which at the same time, besides the current common interests, clearly reflects the opposition of the two different policies of the Macedonian Kingdom and Sparta in their wider strategy of action in the Peloponnesian War. The paper turns to the records of Thucydides as the only historical source for the campaign, but at the same time, it turns to the topography of the ground where military operations took place based on the latest archaeological research.

**Key words:**
Perdiccas II, Brasidas, Arrhabaeus I, Peloponnesian War, Macedonian Kingdom

**Theme/s:** Classical History, History of War, Macedonian Dynasty

# ПЕРДИКА II И БРАСИДА: ПОХОДОТ ВО ЛИНКЕСТИДА

Во своето над четиридеценско владеење, македонскиот крал Пердика II (454–413 г. пр. н.е.) водел мошне вешта и променлива политика. Неговото владеење во голем дел се совпаѓа со долгогодишната Пелопонеска војна, во која освен Атина и Спарта, воено биле ангажирани и други независни, полузависни и зависни полиси и други држави, вклучително и Македонското Кралство, кое како значајна воена, политичка и економска сила во регионот, било неодминлив фактор за какви било случувања и разрешници. Во такви сложени политички услови, во зависност од моменталната ситуација, Пердика II одржувал пријателски врски, стапувал во политички сојузи, повремено ги раскинувал и постојано ја менувал страната, сè со цел да извлече корист за својата земја и да го зачува нејзиниот суверенитет[1] . Притоа, од посебно значење биле македонско-спартанските врски и односи за време на Пелопонеската војна и заедничкиот поход на Пердика II и прославениот спартански војсководец Брасида против Линкестида (летото 424 – летото 423 г. пр. н.е.) на кој ќе се осврнеме во овој труд. Тоа е поход кој резултирал со прекин на македонско-спартанското сојузништво, но само привремено, бидејќи по неколку години Пердика II повторно се приклонил кон педесетгодишниот сојуз на Спарта и Аргос (418 г. пр. н.е).

* * *

Кон крајот на првата фаза од Пелопонеската војна (431–421 г. пр. н.е.), близината на Атина и присуството на атинската војска на територијата на Пелопонес ја усложнувале внатрешната политичка состојба во Спарта. Таа особено се плашела од незадоволството на многубројните потиснати хејлоти, па за да се заштити од

[1] Преглед и анализа на владеењето на Пердика II кај: N. G. L. Hammond & G. T. Grifith, *A History of Macedonia*, vol. II (Oxford: Clarendon Press, 1979), 115-136; Eugene N. Borza, *In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon* (Priceton, New Jersey: Princeton University Press, 1990), 132-160; R. Malcolm Errington, *A History of Macedonia* (Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 1990), 15-24; Joseph Roisman, „Classical Macedonia to Perdiccas III“, in *A Companion to Ancient Macedonia*, Joseph Roisman & Ian Worthington (eds.) (Malden: Wiley-Blackwell, 2010), 146-154; Наде Проева, *Историја на Аргеадите*, Historia Antiqua Macedonica, кн. 8 (Скопје: Посебни изданија, 2004), 167-182.

евентуални немири, започнала со нивни помасовен ангажман во воената служба. Освен тоа, за да го ослабне атинскиот притисок и да ја одвлече атинската усмереност кон Пелопонес Спарта ги иницирала и поддржувала бунтувањата на своите сојузници во северниот дел на Егејското крајбрежје, сè со цел Атина таму да ангажира поголеми воени сили и таму да се пренесе барем дел од воените дејствија[2].

Меѓу многуте градови од северното Егејско крајбрежје кои биле членки на Атинскиот поморски сојуз, посебно се издвојувале моќните полиси Потидаја, Олинт и Амфипол, а пристанишниот Ејон било нивната главна база за воените дејствија[3]. Сите тие биле засегнати од атинската потчинетост и долгогодишното искористување со наметнатите и постојано зголемувани даноци, па тлеело постојано незадоволство. Во услови на перманентната воена загрозеност од страна на експанзионистичката Атина, Македонското кралство и полисите на Халкидик истовремено побарале воена помош од соперничката Спарта, со понуда да ги сносат трошоците за спартанскиот поход. Спарта требало политички и воено да ја искористи оваа поволна понуда за помош, а задачата му била доверена на искусниот и веќе прославен спартански војсководец Брасида[4].

Спарта и во повеќе други прилики позитивно одговарала на барањата за воена помош, но овојпат, според Тукидид: „Всушност една друга околност им го овозможила полесното испраќање на војската од Пелопонес. Тоа била тешката положба во којашто се наоѓале Лакедајмонците“[5]. Ним им одговарало да испратат на војување во туѓина дел од своите хејлоти, од кои постоела опасност да се побунат, особено во околности кога Атињаните веќе биле подготвени да го освојат градот Пилос и да го ослободат од вековната спартанска поробеност[6]. Освен тоа, Спарта била вознемирена од тоа што немала одбранбени крепости за заштита од ненадејни навлегувања на Атињаните, па испраќањето на воени сили на северното Егејско крајбрежје би значело отворање на нови далечни воени жаришта за разлевање и истоштување на атинските воени сили.

[2] Thuc. IV, 79, 3; 80, 1–2.
[3] Thuc. V, 6, 1; Diod. XII, 73, 3.
[4] Брасида (? – Амфипол, 422), син на Телид, се прославил за време на Пелопонеската војна во битката кај Метона (431), при атинската опсада на Пилос (429), во Тесалија и Македонија, посебно на Халкидичкиот Полуостров (424–422). Амфиполците го славеле како свој заштитник и херој, со годишен помен и принесување на жртви во негова чест.
[5] Thuc. IV, 79, 3. Цитираните фрагменти од делото на Тукидид се во превод на авторот и за првпат се објавуваат на македонски јазик.
[6] Градот Пилос бил освоен кон крајот на август 425 г. пр. н.е.

Кога ја добил наредбата за формирање на одред за воена интервенција на северното Егејско крајбрежје, Брасида се наоѓал во околината на градовите Сикион и Коринт[7], а неговата подготовка била попречена од непредвидените тамошни воени дејствија, во кои морал да учествува. Значи, подготовките се оддолжиле, но во секој случај, летото 424 г. пр. н.е., во Коринт веќе имал подготвен одред од 1.700 хоплити, 700 недоволно обучени мобилизирани хоплити од хејлотите, а останатите собрани како наемници од Пелопонес[8]. Според Тукидид: „Самиот Брасида многу сакал да биде задолжен со таа мисија од Лакедајмонците, а тоа одговарало и на желбата на Халкидичаните. Тој имал во Спарта репутација на вонредно енергичен човек во секој поглед, а и надвор од земјата пројавил големи способности и им бил од голема корист на Лакедајмонците“[9].

Било одлучено одредот на Брасида да биде упатен на северното Егејско крајбрежје по копнен пат. Тоа бил основен начин на движење на тактичките пешачки воени единици. Притоа, користењето на водениот пат не било можно поради недостиг на соодветна флота, но и опасностите да бидат пресретнати од надмоќната атинска воена флота. Во секој случај, Спарта подготвила способен одред за силен контраудар, со бројно доволен состав и избрала погодно време за ваквата експедиција, во летниот период од годината[10]. Маршот на војската бил воден според тогашната вообичаена стратегија и тактика и традиционалното користење на добро одбрани, искусни и лојални локални водичи со углед меѓу месното население каде што требало да се помине, и што е најважно, кои добро го познавале теренот. Тоа секако бил напорен марш, со одговорна задача сите 1.700 хоплити безбедно да бидат доведени на маршевата цел во Македонија во полна борбена готовност. Задачата не била едноставна и за така искусен војсководец како Брасида поради бројноста на воената единица и големата оддалеченост на сојузничките воени сили на Пердика. Патувањето било отежнато и од теренската конфигурација, но и попатната несигурност при минувањето на туѓите територии.

Одредот на Брасида безбедно пристигнал спроти крајбрежјето на Тесалија, а патот го водел преку Хераклеа Трахинска – Мелитеја – Фарсал – Факион – Перајбија,

[7] Thuc. IV, 70, 1.
[8] Thuc. IV, 74, 1; IV, 78, 1; IV, 80, 5.
[9] Thuc. IV, 81, 1.
[10] Thuc. IV, 78, 1.

преку природната планинска граница – во светиот македонски град Дион. Влегувањето на војската во Македонија најверојатно се одвивало преку преминот Петра[11]. Минувањето на дестинацијата не било ниту едноставно, ниту без опасности од оружени напади, особено што Тесалците имале лошо искуство и рани од минатото во односите со Спарта, па обично биле понаклонети кон Атина. Тесалија била без обединета централна власт, па минувањето на војска преку нејзините територии секогаш било проблематично, особено ако не било претходно најавено и договорено. Според Тукидид: „Никогаш не било лесно да се премине преку Тесалија без водич, но уште потешко било преку неа да се помине со вооружена сила. Всушност, кај сите Хелени се побудувал сомнеж, кога преку некоја соседна држава се преминувало без нејзина согласност. Притоа симпатиите на народот во Тесалија во прво време биле на страната на Атињаните, така што, ако не се засновал политичкиот режим на Тесалците повеќе на власта на поединци отколку на рамноправноста пред законот, Брасида тука никогаш не би поминал “[12].

Значи, Тукидид проценува дека одредот на Брасида не претставувал воена сила што можела успешно да им се спротивстави на непокорните Тесалци. Знаејќи го тоа, Брасида не сакал, ниту пак можел без проблеми и загуби, ненајавено и присилно да мине со одредот низ Тесалија. Затоа тој мудро се определил за претходен пријателски договор преку неговите пријатели во Фарсал. Во логистиката во тој однос помогнал и Пердика, со ангажман на свој стар пријател од Лариса, а биле ангажирани и други Тесалци. Во Мелитеја, пак, пристигнала и петчлена делегација на Халкидичаните, предводена од нивниот проксен, кој ја откажал лојалноста кон Атина.

Тукидид пишува: „...Брасида, којшто се упатил со илјада и седумстотини хоплити кон крајбрежјето на Тракија, пристигнал во Хераклеа Трахинска. Тука тој напред испратил гласник во Фарсал кај своите пријатели, замолувајќи ги да ги пропуштат него и војската во областа. Кога во Мелитеја, којашто се наоѓа во Ахаја, кај него пристигнале Панајро, Дорос, Хиполохида, Торилај и Строфак, којшто бил проксен

---

[11] Преминот бил употребуван уште од најраниот период. За тоа постои и археолошка потврда, во крајбрежната рамница во близина на отворот на преминот е откриена населба од железно време. Постојат можности и за алтернативни премини на овој потег што во случајов се чинат многу малку веројатни со оглед на бројноста на војската што требало да помине и секако изборот на наједноставниот и најкус можен пат до поставената цел. За алтернативните премини подетално в.: E. N. Borza, *In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon*, 290-291.

[12] Thuc. IV, 78, 2-3.

на Халкидичаните, тогаш тој тргнал на пат. Тој имал за водичи и други Тесалци, како на пример Никонид од Лариса, којшто имал пријателски врски со Пердика“[13].

Во секој случај, со оглед на страните што го договориле походот и составот на споменатите угледни посредници, чии имиња ги знаел и ги запишал Тукидид, веројатно благовремено било најавено ова движење кон север на спартанската војска. Бидејќи Тесалија немала обединета централна власт, не зачудува малото попречување, но само од една група Тесалци, која по кратката вербална расправија, сепак ја испочитувала обичајната ксенија (гостопримство). Во случајот, веројатно од посебно значење била дисциплината на непредизвикување на месното население со марш на благонаклоност, брзо, без непотребно задржување и мирно оддалечување.

Тукидид соопштува: „Дури и сега, кога тој бил на пат, имало една група луѓе, коишто биле со спротивно мислење од неговите водичи. Тие пристигнале за да го пресретнат на реката Енипеј[14] и да му го попречат минувањето, велејќи му дека прави неправда што минува (низ нивната област) без согласност на сите нив. Неговите водичи одговориле, дека не би го превеле, ако има отпор против тоа, но дека неочекувано го виделе како пристигнува и само го спроведуваат како пријатели. Самиот Брасида кон тоа додал, дека тој е пријател на Тесалија и на самите Тесалци и дека тој не кренал оружје против нив, туку против Атињаните, коишто биле негови непријатели. И дека тој не знаел, дека меѓу Тесалците и Спартанците постоела таква омраза поради која едните не би можеле да влегуваат во земјата на другите, а ни сега не би одел понатаму против нивната волја (а не би ни можел) да го продолжи својот пат; сепак ги моли да не го спречуваат во тоа. Кога го слушнале тоа, тие си заминале, а Брасида, слушајќи ги советите на своите водичи, не се задржувал, за да не се соберат поголеми сили коишто би му пречеле при преминувањето, и тргнал со забрзан марш, без никаде да запира. Истиот ден, во којшто тргнал од Мелитеја, тој пристигнал во Фарсал и се сместил на ноќевање на брегот на реката Апидан[15]. Оттука пристигнал во Факион, а оттаму – во Перајбија. Оттука го напуштиле тесалските водичи што го придружувале и се вратиле назад, а Перајбите, коишто биле потчинети на Тесалците,

[13] Thuc. IV, 78, 1–2.

[14] Река во Тесалија, која извира од Фтиотида и се влева во реката Пенеј.

[15] Река во тесалска Ахаја, притока на реката Пенеј, сега река Влахојани (Софадитико).

го одвеле во Дион[16], во владението на Пердика, кој лежи под Олимп во Македонија спроти Тесалија.

Така Брасида бегум успеал да ја премине Тесалија, пред некој да преземе мерки за да го запре и пристигнал кај Пердика, а потоа и на Халкидик. Од Пелопонес ја повлекле својата војска оние коишто на тракиското крајбрежје се одметнале од Атина, а исто така и Пердика[17], плашејќи се од успесите на Атина. Халкидичаните сметале дека Атињаните прво нив ќе ги нападнат. Од друга страна, и соседните градови коишто уште не биле одметнати, тајно ги повикувале Лакедајмонците. Пердика пак, без јавно да биде во војна со Атина, исто така се плашел поради своите некогашни спорови со неа и најповеќе посакувал да го потчини Арабај, кралот на Линкестите“[18].

Линкестида[19] била горномакедонска област која се протегала во јужниот дел на висорамнината Пелагонија, главно во пределот југозападно и јужно од реката Еригон (Црна), во денешните региони на Лерин и Битола[20]. Била населена од македонското племе Линкести кое долго време се спротивставувало на централната власт на

---

[16] Ова е првото споменување на градот Дион во античките извори. Дион бил религиозен центар на Македонското Кралство, познат уште и како „Светиот град“. Според хеленскиот образец, во чест на Ѕевс и Музите, македонскиот крал Архелај тука организирал раскошни празнувања со жртвопринесување, музички свечености, поетски, драмски и атлетски натпревари. Бидејќи Македонците немале право да учествуваат на хеленските Олимписки игри, атлетските натпревари всушност биле Македонски олимписки игри.

[17] Иако бил во сојуз со Атина, во јуни 429 г. пр. н.е., Пердика испратил тајно од Атињаните илјада Македонци, коишто пристигнале предоцна за да му помогнат на спартанскиот војсководец Кнемос во Акарнанија. На помош на страната на Кнемос пристигнале и мноштво Хелени, како и сојузници од епирските и македонските племиња: Хаони, Теспротијци, Молоси, Атинтани, Паравајци и илјада воини од племето Орести (Thuc. II, 80, 5–8).

[18] Thuc. IV 78, 3–6; 79, 1–3.

[19] Обликот Линкестида (*Lyncestis*) се среќава само кај Птолемај (Ptol. III, 13, 33), но е општоприфатен во научната литература како именување на областа која ја населувале Линкестите. На сите други места во античките извори (Thuc. IV, 83, 124, 129 и 132; Liv. XXXI, 33; XXXII, 9; XXVI, 25; Strab. VII, 7, 8) областа се именува како Линк (*Lyncos*). Но исто така, постои можност некои од овие споменувања на Линк (на пр.: Liv. XXXI, 33) да се однесуваат и на градот Линк кој сѐ уште не е идентификуван на теренот. В.: Виктор Лилчиќ, *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија,* Археолошко, историска топографија, том I, Рана антика, *Линкестида и Девриоп* (Скопје: Македонска цивилизација, 2009), 207-224; Никола Вулић, „Ратовање македонског краља Филипа с Римљанима г. 199 пре Хр. код Битоља, Прилепа итд.“, *Глас Српске Краљевске Академије* CXXI/66, Београд, 1926, 23.

[20] Најдетални податоци за границите на Линкестида кај: Виктор Лилчиќ, *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија,* 41-43. В. и: Фанула Папазоглу, „Македонски градови у римско доба“, *Жива антика*, Посебна издања, књ. I, Скопје, 1957,186-187; Иван Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија“, кн. 8 (Скопје: МАНУ, 1999), 37.

Аргеадите[21]. Во времето на Пелопонеската војна, иако ја признавале врховната власт на Аргеадите, тие сè уште имале свои владетели[22]. Овојпат, линкестидскиот басилеј Арабај I[23] се одметанал од централната власт на Аргеадите. Пердика имал за цел да го покори, а истовремено со тоа настојувал и да продолжи со обединувањето на цела географска Македонија. Со платената половина од трошоците за војувањето, уште во првичниот договор за испраќање на одредот, Пердика и Брасида ги дефинирале натамошните заеднички дејствија за остварувањето на таа цел.

Префрлањето на војската на Брасида на Халкидик, каде се очекувал првиот напад од Атина, било со добра логистика и релативно брзо. Неговата тамошна приоритетна задача била да се разбунтуваат градовите и да се отвори северниот фронт против Атина, со обид за евентуалното освојување на стратегискиот град Амфипол и рудниците на планината Пангај. До доаѓањето на војската на Брасида, на Халкидик и во околината владеела голема вознемиреност. По неговото пристигнување, според Тукидид: „Тој (Брасида) веднаш се покажал како справедлив и умерен во своите односи кон градовите, па им одземал на Атињаните повеќе места, а други презел благодарение на предавство, што им давало можност на Спартанците, ако сакаат да склучат мир, како што и станало, да можат едни места да заменат, а други повторно да добијат и така да ја смират војната на Пелопонес“[24]. Кратко речено, Брасида станал пример на очекуван и посакуван јунак: „И така тој влеал во луѓето сигурна верба, дека и сите останати Спартанци се такви“[25].

Веднаш штом дознала за пристигнувањето на спартанската војска на северното Егејско крајбрежје, Атина оправдано го обвинила македонскиот крал Пердика како

[21] Линкестите се споменуваат на повеќе места во античките извори: Thuc. II, 99, 2; IV, 83, 124; Liv. XLV, 30; Strab. VII, 7, 4; 7, 8. Нивното име етимолошки се поврзува со зборот *lynx* (рис), па во преносна смисла би значело „Племе на рисовите“, што сигурно е поврзано и со ловот на ѕверови како стар традиционален македонски обичај во Антиката. Освен тоа, рисовите, кои се на работ на исчезнување на територијата на Македонија и пошироко на Балканот, и денес живеат на планината Баба.

[22] Според Тукидид (Thuc. II 99, 2): „На Македонците им припаѓаат и Линкестите и Елимиотите и други племиња во внатрешноста кои им биле сојузници и потчинети, но сите тие имаат свои кралеви.“

[23] Арабај I бил син на Бромер, современик на македонските кралеви Пердика II и Архелај, против кои и војувал. Ќерката на Арабај I била во брак со елимејскиот владетел Сира, а подоцна ќерката на Сира (познатата идна македонска кралица Евридика) се омажила за идниот македонски крал Аминта III (Strab. VII 7, 8). Генеалогијата на линкестидската владетелска куќа детално ја анализира Хамонд (в.: N. G. L. Hammond, *A History of Macedonia*, Vol. II, 14-17), но не се согласувам со неговото мислење за нејзиниот хеленски идентитет.

[24] Thuc. IV, 81, 2.

[25] Thuc. IV, 81, 3.

нејзин дотогашен формален сојузник. Тукидид пишува: „Тогаш, кога Атињаните дознале за пристигнувањето на Брасида на брегот на Тракија[26], тие го прогласиле Пердика за непријател, бидејќи сметале дека тој е виновен за походот на Спартанците, и започнале да извршуваат построга контрола над своите сојузници по тие места“[27]. Но бидејќи се подготвувала за поход во Бојотија, Атина немала можност за испраќање поголеми воени сили на северното Егејско крајбрежје.

Пердика бил прагматичен владетел. Тој постигнал договор со Спарта, којшто имал и своја цена, со ангажирање туѓ наемнички одред, па му дал приоритет на својот главен државен интерес – да ги искористи спартанските сили за проширување на Македонското Кралство и за потчинување на Линкестида. Имајќи го предвид својот кралски ранг, тој логично се обидел да ја преземе и командната должност над спартанскиот одред на Брасида, присоединувајќи го кон сопствената војска, а со себе водел и халкидички претставници. Тукидид пишува: „Што се однесува, пак, до Пердика, тој веднаш ја зел војската на Брасида, којашто ја присоединил кон сопствената војска, и тргнал против Арабај, синот на Бромер, којшто бил крал на македонските Линкести и негов сосед: помеѓу нив постоела омраза и Пердика сакал да го потчини. Но, кога во својот поход тој пристигнал заедно со Брасида до влезот кон Линк, Брасида му јавил, дека пред да започнат воените дејствија, тој сака првин да се сретне со Арабај и да го убеди, ако може, да стане сојузник на Лакедајмонците. Арабај му јавил некако по гласник, дека е подготвен да му го довери на Брасида посредувањето како судија. Од друга страна, и халкидичките претставници, коишто се наоѓале таму, го советувале Брасида да не ги истури сите недоразбирања на Пердика,

[26] Во овој период, повеќе автори, па и Тукидид, регионот на северното Егејско крајбрежје го именувале со „брегот на Тракија“, па дури и самото Егејско Море го именувале со *Mare Thracicum.* Ова било причина за создавањето на т.н. „пантракиска теорија“, како и теориите за тракиско потекло не само на племињата во источниот дел на Македонија, туку и на Македонците во целина. Но, именувањето на северното Егејско крајбрежје со „брегот на Тракија“ има само географско, а не и етничко значење. Потврда за тоа е податокот дека именувањето „Тракија“ се користело и за полуостровот Истра и нејзините жители, за кои повеќе од сигурно е дека не биле Тракијци, а освен тоа, особено важно е тоа што во областите помеѓу реките Аксиј и Нестос нема ниту еден топоним што завршува на *-para, -bria* или *-diza*, завршетоци што со сигурност ја покажуваат распространетоста на етничките Тракијци. Исто така, додека Тукидид го користи именувањето „Тракија“ за северното Егејско крајбрежје, во изворите од IV век пр. н.е. жителите на градовите Аретуса и Халајстра се нарекуваат „Македонци“.Северното Егејско крајбрежје било именувано „Тракија“ сè до IV век пр. н.е., најмногу поради неговото релативно подоцнежно вклучување во рамките на Македонското Кралство. В.: Наде Проева, *Историја на Аргеадите*, 22-24.

[27] Thuc. IV, 82.

па на тој начин да биде поподготвен да им помогне во нивните потфати. Освен тоа и пратениците на Пердика вака некако рекле во Лакедајмон, дека македонскиот владетел за нивни сојузници ќе придобие и многу од племињата, коишто биле негови соседи. Во тие околности Брасида сметал, дека пред сè треба да ги среди спорните прашања со Арабај врз основа на една општа спогодба. Меѓутоа на тоа Пердика му одвратил, дека тој не го повикал за да направи од него судија–мировник по спорните прашања со неговиот сосед, туку тој (Брасида) да биде покорител на оние непријатели коишто тој самиот ќе му ги покаже. И дека ќе погреши кон него ако се договори со Арабај, додека тој му доставува прехранбени производи за половината војска. Меѓутоа Брасида, и покрај одбивањето на Пердика и откако се скарал со него, ја остварил својата средба со Арабај. Убеден од неговите аргументи, тој обратно ја одвел својата војска, пред да навлезе на територијата на Линкестите. Од тој момент понатаму Пердика, којштo се сметал за навреден, доставувал една третина од снабдувањето на пелопонеската војска со храна наместо половина“[28].

Очигледно, Брасида го прифатил заедничкото учество во походот предводен од македонскиот крал, но не и командата. Тој ја задржал самостојноста на својот одред, со свој план, стратегија и командување. Тоа најдобро го потврдуваат неговите самостојни контакти со Линкестите кон кои бил усмерен походот. Иницијативата за посредништво во разрешувањето на спорот секако пристигнала од самиот Арабај и тоа непосредно во времето на походот, пред непосредната воена опасност од сигурен пораз. Претчувствувајќи дека ќе биде нападната Линкестида, тој веројатно од порано имал конкретно подготвен предлог за разрешување на меѓусебните недоразбирања. Но, ако тој порано пројавил таква желба за контакт, Брасида не би тргнал во походот против него.

Халкидичките претставници од искуство го познавале карактерот на македонскиот крал и пројавиле оправдано стравување за односот меѓу него и Брасида, особено во однос на натамошните случувања од заеднички интерес. На одлуката на Брасида да посредува во разрешувањето на неговите спорни прашања со Арабај, Пердика, од своја гледна точка, оправдано најостро се спротивставил. Тоа веќе не била политичка расправа, ниту договор за воено содејство, туку жолчна кавга. Не бил ниту личен судир, туку спротивставување на две различни политики – интересите на

[28] Thuc. IV, 83, 1-6.

Македонското Кралство и глобалната политика на Спарта во нејзината поширока стратегија на дејствувањето во Пелопонеската војна. Македонскиот крал тежнеел кон постапно обединување на Македонија со сите македонски племиња и елиминација на атинските притисоци на северното Егејско крајбрежје. Приоритетна цел на Спарта пак била, без поголеми ангажмани и човечки жртви, да се разбунтуваат атинските сојузници против својот патрон и по можност доброволно да преминат на спартанска страна. Во тој однос била и декларацијата на македонските пратеници во Спарта, дека како сојузници ќе придобијат и повеќе соседни племиња. Накусо кажано: „Брасида на сојузот со Пердика гледал само како средство за борба со Атина, додека Пердика сакал да ги искористи силите на Брасида, за да си ја постигне сопствената цел“[29].

Значи, и покрај противењето на македонскиот крал, пред да навлезат во Линекестида, Брасида ја остварил средбата со Арабај. Средбата несомнено се случила кај преминот Кирли Дервен, кој се наоѓа на 970 метри надморска височина во подножјето на планината Бора (сега Ниџе), односно северното подножје од врвот Лилјакос (1192 м. надморска височина). Тоа бил премин на прастарата балканска комуникација од Егејското крајбрежје кон Едеса и преку североисточното крајбрежје на Островското Езеро кон Линкестида[30]. Средбата веројатно се случила кај денешното с. Горничево (Кела), во јужното подножје на планината Бора, кое било попатна месност на надморска височина од 940 м, тука веројатно имало и некаков безбедносен линкестидски пункт[31]. Арабај го убедил Брасида и тој ја вратил својата војска назад, без да навлегува на територијата на Линкестида. Македонскиот крал веројатно мошне тешко ја поднел оваа навреда, но, како и многупати дотогаш, од прагматични причини, не ги прекинал односите, туку само го намалил снабдувањето на спартанскиот одред од една половина на една третина. Притоа, само по себе може да се заклучи дека Брасида го прифатил линкестидскиот крал Арабај за сојузник.

По овој жесток вербален судир, Брасида со војската од своите и халкидичките контингенти подготвил експедиција против Акант и Стагира (кон крајот на август 424

[29] Гаврилъ И. Кацаров, *Царь Филипъ II Македонски. История на Македония до 336 год. пр. Христа* (София: Придворна печатница, 1922), 62.

[30] На истиот патен правец, преку преминот Кирли Дервен минувал и подоцна трасираниот пат Виа Егнатија.

[31] В.: *Reljefna karta 1:500.000 Skop*je (Beograd: Vojno geografski institut, 1989); Тодор Христов Симовски, *Населените места во Егејска Македонија,* кн. 2 (Скопје: Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, 1998), 147 и 479 (карта *Лерински округ* 1:200.000).

г. пр. н.е), кои ги убедил да се откажат од сојузот со Атина. Потоа следело откажувањето на сојузот со Атина и на Амфипол и на други градови во Едонија (зимата 424/423 г. пр. н.е.), кои исто така му се предале на Брасида, а за време на овие дејствија, Брасида и Пердика сепак биле во постојан контакт и имале блиска соработка[32]. Атињаните биле притеснети и со офанзивата на Брасида на Акта и Ситонија, па заедно со нивните сѐ уште верни сојузници, биле принудени на склучување на едногодишно примирје (28–30 март 423 г. пр. н.е.)[33]. Но, склученото примирје не било почитувано. На многу други подрачја на завојуваните страни во Пелопонеската војна, тоа било сериозно прекршено, а мали биле и натамошните изгледи за смирување на страстите и освојувачките апетити.

Во новонастанатите услови по првото разидување (летото 424 г. пр. н.е.), Пердика и Брасида повторно ги зближиле заедничките интереси. За натамошниот успех на воените мисии, на Брасида му било повеќе од потребно сојузништвото со Пердика, кој не отстапувал од својот приоритет да се пресмета и да го покори линкестидскиот крал Арабај, па во првата половина на април 423 г. пр. н.е. договориле нов заеднички поход против Линкестида. Тоа бил поход на две војски, без заедничка команда, со различна воена организација или благо речено – слаба координација. Како современик на случувањата и искусен воен стратег, Тукидид дава богат и фактографски прецизен преглед со мошне стручен коментар:

„Во тоа време Брасида и Пердика по вторпат презеле поход против Арабај, во Линк. Пердика ја повел војската собрана од неговите македонски поданици, како и хоплитите собрани меѓу Хелените, коишто живееле на територијата на Македонија[34], а Брасида го повел преостанатиот дел од својата пелопонеска војска, како и војниците од Халкидик, Акант и од другите градови, според нивните можности. Целиот хоплитски одред на Хелените се искачил на околу три илјади души, а коњаницата – македонска и халкидичка – којашто ги придружувала, броела речиси илјада души; освен тоа имало и

[32] Thuc. IV, 84–88; IV, 102–107.

[33] Со едногодишното примирје главно било договорено: светилиштето и пророчиштето на Аполон Питиски да бидат слободни за вероисповед на сите Хелени, секоја договорна страна да остане на територијата што моментно ја зазема и Спарта и нејзините сојузници да можат да го користат само морето околу своите морски брегови и тоа само со трговски кораби со весла и товар во вредност до 500 таланти.

[34] Жители на градовите Стрепса, Пидна и други градови.

голем број барбари[35]. Кога навлегле на територијата на Арабај и ги затекнале Линкестите, коишто веќе имале заземено позиции за да им се спротивставаат, и тие се распоределе на позициите. Пешадиските делови и од двете страни зафатиле по едно возвишение, а меѓу нив се простирала една рамнина; коњаниците и од двете страни секавично се спуштиле и така и од двете страни најпрвин започнала коњичка битка. После тоа, кога Брасида и Пердика виделе дека од ридот заедно со коњицата напредувале и хоплитите на Линкестите и дека тие се готови да влезат во бојот, им заповедале на своите војски да тргнат во напад и тие стапиле во дејство. Линкестите биле разбиени и свртени во бегство. Многумина од нив биле убиени, а останатите, откако избегале на височините, таму мирувале. После тоа тие го кренале трофејот[36] и тука останале два или три дена, очекувајќи ги Илирите коишто биле најмени од Пердика и токму тогаш требало да стигнат[37]. А потоа, додека Пердика претпочитал да тргнат против селата подвластени на Арабај и да не мирува, во истото време Брасида се плашел за Менда да не го испреварат Атињаните со својата флота и да настрада градот. И бидејќи освен тоа, Илирите не се појавувале, па Брасида не бил подготвен, туку претпочитал што поскоро да тргне назад.

Во тоа време, кога Брасида и Пердика не можеле да се договорат, пристигнало известување дека Илирите го изневериле Пердика и преминале на страната на Арабај. Затоа и двајцата војсководци биле на мислење да отстапат од опасноста пред Илирите коишто биле воинствени луѓе, но поради несогласноста помеѓу нив, не било точно утврдено кога треба да тргнат. А со настапувањето на ноќта, Македонците и барбарската маса ненадејно биле обземени од паничен страв, како што тоа често се случува со големите војнички групирања, и тоа од нејасни причини; и сметајќи дека на нив напаѓаат многу посилни од она што тие вистински биле, и ете, само што не стигнале, летнале ненадејно да бегаат прекуглава и се насочиле кон своите родни краишта. Пердика отпрвин не знаел за тоа, а кога дознал, го присилиле да отстапи,

---

[35] Припадници на македонски и други вазални племиња. Тукидид секогаш ја означува етничката припадност на Македонците, но прави разлика меѓу нив и припадниците на вазалните македонски племиња од Горна Македонија и другите околни области, именувајќи ги како барбари.

[36] Трофејот го кренале Хелените, бидејќи Македонците немале обичај да ја одбележуваат победата со поставување трофеј на бојното поле. Според традицијата овој обичај го воспоставил кралот Каран, а тоа е потврдено и од фактот што ниту Филип II по битката кај Хајронеја, ниту Александар III Македонски по победата над Дареј и во Индија, не поставиле трофеи (Paus. IX 40, 8-9). Поопширно за овој воен обичај кај: Наде Проева, *Религијата на античките Македонци*, Historia Antuqua Macedonica, кн. 11 (Скопје: Посебни изданија, 2014), 180-181.

[37] Илирите биле очекувани да пристигнат од северозападната страна.

пред да го види Брасида (всушност двата логора биле на големо растојание еден од друг). Кога Брасида в зори видел, дека Македонците претходно тргнале, без да го чекаат, и дека Илирите и Арабај се подготвуваат да преземат напад против него, ги построил своите хоплити во четириаголен боен ред и лесновооружените во центарот, па почнал да размислува да се повлече. За ударни одреди ги определил најмладите, а самиот тој одзади со одбран одред од триста борци планирал последен да отстапи, за да пружи отпор на напаѓачите што први на него ќе нападнат. И пред да биде сосема близу противникот, тој брзо се обратил кон своите војски и ги охрабрил...“[38].

Значи, походот против Линкестите бил усмерен преку единствениот премин кон областа – теснецот Кирли Дервен. Според Тукидид, за походот биле извршени вообичаени подготовки со широка мобилизација во Македонското Кралство и во сојузничките градови на Халкидик. Структурата на двете ангажирани војски заедно имала околу три илјади хоплити Хелени или од хеленско потекло во Македонија, речиси илјада души македонска и халкидичка коњаница и голем број „барбарска маса“ припадници на вазалните македонски племиња од Горна Македонија. Освен тоа, Пердика се имал договорено и добил согласност за сојузничко учество од Илирите, кои би им се приклучиле при навлегувањето во Линкестида[39]. Колкав е нивниот наведен „голем број“, структурата и вооружувањето, можеме само да претпоставуваме. Во секој случај, тоа била војска далеку над 4.000 борци коњаница и пешадија. Бидејќи Брасида и Пердика биле искусни воини, веројатно процениле дека така подготвена воена формација има доволна нападна моќност (бројна, квалитативна, морална и материјална) против претпоставената одбрана организирана на брза рака од линкестидскиот крал Арабај (организацијата, формацијата, бројноста, брзината на мобилизацијата и сл.), за која веројатно имале сосема прецизни информации. Исто така, неспорно е дека и Арабај бил информиран за овој поход на широката коалиција од сојузничките сили, но немал доволно време за подготовка, освен да пристапи кон одбрана организирана на брза рака. Тоа е потврдено и со тоа што неговата војска имала време да се постави во заседа на погодно избран терен на најјужниот дел од земјата.

---

[38] Thuc. IV, 124–125.

[39] Има непотврдена претпоставка дека тоа биле Дасарети или Енхелеи, коишто граничеле кон Лихнидското Езеро. В.: C. Schûtt, *Untersuchungen zur Geschichte deralten Illyrier* (Breslau, 1910), 33. Но нивната илирска етничка припадност е демантирана во најновата литература. В.: Наде Проева, *Студии за античките Македонци*,Historia Antiqua Macedonica, кн. 5 (Скопје: Посебни изданија, 1997), 115–130.

Заседата на Линкестите секако била поставена непосредно по единствениот можен граничен премин на теснецот Кирли Дервен[40], кон сегашното Леринско Поле, на ниските крајпатни возвишенија меѓу сегашните села Баница (Веви) на самиот планински срт при спуштањето и полското село Росен (Ситарја). Овој дел од Леринското Поле на големата котлина Пелагонија, меѓу планините Ниџе и Неретската Планина, претставува еден вид степска рамнина, со надморска височина од околу 677 м., која попатно конусно се шири. Патот кон север оди паралелно со проширувањето на полето меѓу двата паралелни планински срта од ниски ридови како отворен амфитеатар. Конфигурацијата на теренот е како порачана за успешна одбрана од заседа[41]. Веројатно е дека времето за поширока мобилизација, организација и евентуално одбранбено утврдување на теренот било прекратко. Тоа најдобро го потврдува немањето ангажирани сојузници, кои, како што ќе се види потоа, лесно и брзо можеле да ги обезбедат, како на пример Илирите.

Арабај од стратегиски причини се одлучил да ги пречека непријателските сили при самото навлегување на негова територија, за да го избегне попатното пустошење. Во секој случај, Брасида и Пердика ја имале предноста на обезбедената нападна моќ и уште договореното сојузничко придружување на Илирите. Со таква професионално обезбедена воена сигурност тие навлегле со своите војски во Линкестида. По минувањето на преминот, ги затекнале Линкестите во заседа на веќе заземени позиции за борба. Тие биле поставени на одбран попатен терен кој не можел да се одмине. Но тоа не била заседа за изненадување, туку заседа со елементи на одбрана, а според начинот на планираното дејствување и заседа со сите елементи на напад. Искусните

---

[40] В.: Виктор Лилчиќ, *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија*, 44; A. W. Gomme, *A Historical Commentary on Thucydides*, Vol. III (Oxford: Clarendon Press, 1956 ), 617-618. Воопшто не е прифатливо мислењето дека заседата била поставена кај сегашниот превој Ѓавато, на патот Битола–Ресен, помеѓу планините Бигла и Баба, северозападно од Битола (N. G. L. Hammond, *A History of Macedonia*, Vol. I, *Historical Geography and Prehistory* , Oxford: Clarendon Press, 1972, 107) или преку горниот премин кон Линк во Западна Македонија (Фукидид, *История*, перевод и примечания Г. А. Стратиновский, Москва: Научно-издателский центр „Ладомир" АСТ, 1999, 641, бел. 123, 4). Во тој случај, нивното настапување во Линкестида би било преку Преспанската Котлина кон Ѓавато, што би значело преголемо обиколување преку Флорина (Лерин), кон Малото Преспанско Езеро и потоа по источниот брег на Преспанското Езеро кон Ѓавато. Или можеби подолгиот пат крај јужните брегови на Островското и Риднишкото Езеро кон Костур и оттука источно од Малото Преспанско Езеро и Преспанското Езеро кон Ѓавато. Но од друга страна, тоа може да има оправдување, само ако се прифати дека таму требало да ги пречекаат своите сојузници – неверните Илири, кои требало да пристигнат од северозападната страна.

[41] *Reljefna karta 1:500.000 Skop*je; Тодор Христов Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, 140-141, 172-173 и 479 (карта *Лерински округ*).

војсководци на сојузниците веројатно имале благовремени информации од извидниците, па било избегнато било какво изненадување. Тие се распоределе на позиции наспроти Линкестите за типична борба при средба, зафаќајќи две возвишенија, по едно од двете страни на патот, а меѓу нив се простирала рамнина како одбран мегдан за борбената пресметка. На возвишенијата се распоредиле пешадиските делови, а вообичаено лево и десно од нив коњаниците. Значи, непријателските војски биле поставени во класичен борбен распоред за тоа време, но борбата не започнала со употребата на стрелците и пешадијата, туку со секавично спуштање на коњаниците и од двете завојувани страни во лута и беспоштедна коњичка битка. Тоа бил тактички обид за преземање на иницијатива во борбата. Непосредно по коњицата на Линкестите, во борбата се вклучиле и тргнале и нивните хоплити, па штом го виделе тоа, Брасида и Пердика ѝ заповедале на својата пешадија да тргне во напад. Линкестите биле разбиени и принудени на бегство, со многумина убиени и веројатно голем број на ранети, а останатите избегале во височините. Тоа бил тежок пораз на Линкестите, но не и одлучувачки, посебно што оваа првична битка се случила непосредно по преминувањето на сојузниците на јужниот граничен премин и мошне далеку од нивната престолнина Линк, која веројатно се наоѓала дури кај сегашниот археолошки локалитет Градиште кај с. Црнобуки, во западниот дел на Битолското Поле, десно од денешниот пат Битола – Демир Хисар, северно од градот Битола и селото Кукуречани[42].

Не располагаме со податоци за бројот на загубите на здружените сојузници. Но тие победнички останале на теренот на битката, го кренале трофејот и тука останале два или три дена, за да го чекаат пристигнувањето на Илирите за натамошното дејствување низ Линкестида. Нив ги очекувале да се појават секој момент, но залудно. Во тоа предолго чекање во борбени услови на веројатно непланираната одбранбена местоположба и во услови на туѓа територија, македонскиот крал сакал да продолжат против селата во Линкестидското Кралство, за да бидат активни, а Брасида размислувал за градот Менда, плашејќи се дека може да го испревари атинската флота

[42] Во науката се спори околу прашањето дали постоел град со име Линк и ако постоел каде би можел да се лоцира. Но како што констатира Лилчиќ, врз основа на своите долгогодишни археолошки истражувања на овој терен, просто е неверојатно една владеелска династија со кралски титули во овој турбулентен период да нема своја престолнина. Најновите археолошки истражувања упатуваат на многу веројатната претпоставка дека престолнината на Линкестите бил градот Линк кај локалитетот Градиште - Црнобуки. В.:Виктор Лилчиќ, *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија*, 44, 56–61 и 207–208.

и да го заземе. Брасида имал обврска повремено да ги напушта деловите под спартанска контрола на северното Егејско крајбрежје и да му помага на Пердика, но морал и да води сметка неговото отсуство да не го искористат Атињаните. Македонскиот крал бил подготвен да продолжи и без Илирите, веројатно сметајќи дека тие попатно ќе им се придружат или пак сметал дека се доволни и воените сили што ги имаат. Но, Брасида веројатно сметал дека не треба да се продолжи без неопходното сојузништво на Илирите, бидејќи добиената битка не значела и покорување на Линкестите, што значи дека оваа прва борба била само обид да се попречи навлегувањето на сојузничките сили во Линкестида, а дури потоа би следел судир со главнината на нивните одбранбени сили.

Во секој случај, Пердика и Брасида повторно имале клучно недоразбирање – дали да се продолжи или прекине походот, не можеле да се договорат, што е најдобра потврда дека немале единствено командување на двете сојузени војски. Притоа, токму во тоа време на поделени ставови за натамошниот тек на походот, пристигнало известувањето дека Пердика бил изневерен од Илирите, кои преминале на страната на Арабај. И повеќе немало дилема и кај двајцата војсководци дека треба да отстапат пред опасноста од воинствените и веројатно бројни Илири, со кои, здружени со Линкестите, не би можеле да се пресметаат поради изгубената нападна надмоќност. Но поради нивното претходно недоразбирање и немањето на единствена команда на двете војски, не било утврдено и усогласено времето и начинот на повлекувањето. Планирајќи дневен марш за враќање, двете војски останале да преноќат на големо меѓусебно растојание. Но нивното чекање на неверните Илири од два-три дена станало кобен кошмар. Со настапувањето на ноќта, стражите на македонската војска и нивните сојузници алармирале за наближувањето на силите на Арабај и на Илирите. Притоа дошла до израз неколкудневната опуштеност на македонската војска и слабата племенска воена организација и дисциплина на горномакедонските племиња, па меѓу Македонците и „барбарската маса“, како што наведува Тукидид, ненадејно се раширил паничен страв што било честа појава при големите војнички групирања[43]. Неконтактибилната привремено присобрана војска на Пердика ненадејно се оддала на неконтролирано панично бегство на разните отстапни страни уште пред да биде известен самиот крал. Притоа, тие се насочиле кон своите родни краишта, а кога

[43] В.: Thuc.VII, 80, 3.

дознал за тоа, Пердика увидел и самиот дека е принуден да отстапи. Тој не можел да се види со Брасида или претходно да се договори преку курирска врска, бидејќи двата логора биле на големо меѓусебно растојание. Но, тие масовни глетки на отстапување на македонската војска, Брасида благовремено ги видел, увидувајќи и дека Арабај и Илирите се подготвуваат за преземање напад.

Во таквите услови на ненадеен ноќен напад, искусниот Брасида применил школски пример на успешна стратегија и тактика на повлекување. Тој ги построил своите хоплити во четириаголен боен ред, а лесновооружената пешадија во средината. Притоа од најмладите војници определил ударни одреди, за да ги насочи против евентуалните напаѓачи, а самиот тој, со триста елитни борци планирал последен да отстапува со пружање на отпор и задржување на непријателските сили, коишто од непосредна близина би ја загрозувале отстапницата на неговата војска. Потоа, набрзина, со краток говор, ги посоветувал и охрабрил своите борци. Импровизацијата на неговиот говор од страна на Тукидид, според принципите на познатите хеленски ретори од V век пр. н.е. како Корак од Сиракуза и неговиот ученик Тејсија[44], заслужува внимание, бидејќи како воен командант и самиот имал такви искуства, па можел да се обиде и со таква привидна реконструкција[45].

Ќе го наведеме тој говор во целост:

„Пелопонешани[46], да не се посомневав, дека вас ве обзема страв поради тоа што останавте сами и поради тоа што барбарите кои ве нападнаа се многубројни, не би ве храбрел и истовремено да ви давам поука. Меѓутоа во овој момент, кога нашите сојузници нѐ напуштаат и кога нѐ заплашуваат многубројни противници, накратко ќе се обидам да ве потсетам на некои нешта и да ве охрабрам, па на тој начин да ве убедам во значењето на големите вистини. Да, навистина, вам ви прилега да бидете

[44] Корак и неговиот ученик Тејсија се едни од основачите на античката реторика, кои се занимавале главно со судско ораторство. Автори се на првите хеленски прирачници по ораторство.

[45] Не случајно, во воведните фрагменти на своето дело, тој ќе напише: „Што се однесува до говорите, коишто одделни лица ги произнеле, било во времето кога се подготвувала војната, или во времето на самата неа, за мене беше тешко да ги запомнам од збор до збор, било да се тие што самиот сум ги слушнал, или оние што некаде други ми ги соопштиле. Ги наведов така како што мислев дека секој ретор би требало да говори како што е неопходно во такви околности, придржувајќи се притоа колку што може поблиску до целокупната смисла и навистина кажаното.“ (Thuc. I, 22, 1)

[46] Според Тукидид, во својот охрабрувачки говор, Брасида им се обратил со *Пелопонешани*, иако мнозинството од неговата војска не било составено од Пелопонешани, туку и од Халкидичани (Thuc. IV, 124, 1).

доблесни во време на војна, но не поради тоа што на ваша страна секогаш имате сојузници, туку поради вашата сопстствена храброст; исто така, вам ви прилега никогаш да не се плашите од многубројноста на противникот[47], бидејќи во државите од коишто сте дошле, мнозинството не владее над малцинството, туку напротив, малцинството владее над мнозинството, а таа власт вие не сте ја добиле со нешто друго, туку со победоносни битки. А што се однесува до барбарите, од кои вие денес се плашите, бидејќи не ги познавате, за тоа ќе треба да извлечете поука од претходните борби против некои од нив – имено се однесува на Македонците[48] – и од сознанијата, коишто јас самиот ги должам било кон сопствените претпоставки, било на сведоштвата коишто ги имам; сето тоа покажува, дека тие нема да бидат страшни. Кога еден противник ќе се претстави дека има сила, а всушност е слаб, тогаш кога ќе се добие вистинската информација во однос на него, тоа ги прави посмели оние коишто му се спротивставуваат, и обратно: кога противникот поседува испитани својства, ризично е, ако човек претходно не е запознаен со нив, смело да напаѓа. И навистина тие луѓе предизвикуваат страв кај оние на коишто им недостасува искуство: нивниот голем број го плаши окото и неподнослива е силата на нивните извици; освен тоа начинот, на којшто напразно (т.е. во воздух) размавнуваат со своите оружја, предизвикува извесно заплашување. Но кога тие треба да влезат во борба со противник кој ќе го издржи тоа, тогаш не пројавуваат толку голема умешност. Тие немаат борбен строј и не би се срамеле да остават некое место, принудени од притисокот на противникот; да бегаш и да напаѓаш кај нив се смета дека носи еднаква слава, а исто така и јунаштвото, тој самоволен начин на борба најлесно би пружил некому чесна прилика да се спаси. Најпосле тие сметаат за посигурно, наместо да влезат во борба со вас, да ве исплашат, без самите тие да се изложуваат, зашто во спротивен случај тие веќе ќе нè нападнеа. И така, вие јасно гледате, дека целиот тој ужас, којшто тие претходно го вдахнуваат, во стварноста е незначителен и ги поразува само видот и слухот. Ако го издржите нивниот притисок и во погоден момент започнете бавно да отстапувате во уреден борбен ред, поскоро ќе пристигнете до сигурно место и во иднина ќе знаете, дека против војска, којашто издржала на првиот напад, таквите толпи се задоволуваат со заплашување оддалеку, и не решавајќи се да нападнат, се фалат со јунаштво; меѓутоа ако се отстапи пред нив, тие пројавуваат извонредно голема упорност да го

[47] Така им говорел и кралот на Спарта Демарат на Спартанците (Hdt. VII, 104, 4) и атинскиот стратег Формион на Атињаните на море (Thuc. II, 88, 2).
[48] Спартанците оправдано ги сметале Линкестите за Македонци (Thuc. IV, 124, 3; II, 99, 2; IV, 83, 1).

прогонуваат противникот по петиците и безопасно да ја покажуваат својата храброст“[49].

Понатаму Тукидид пишува:

„Откако така ги охрабрил, Брасида ја повел војската назад. Кога го виделе тоа барбарите, се втурнале по нив со силни извици и голема врева, бидејќи сметале дека тие бегаат и се надевале дека ќе ги пристигнат и ќе ги уништат. Но, насекаде каде што барбарите нанесувале удар, нивните напади биле пресретнувани со контраудар и самиот Брасида со своите одбрани борци успеал да ги задржи нивните напади. Така барбарите биле изненадени, кога виделе, дека наспроти своите очекувања, Пелопонешаните го издржале нивниот прв напад и дека биле подготвени, во случај на напад, да се бранат, а кога мирувале да го продолжат своето отстапување. Тогаш поголемиот дел од барбарите престанале да ги напаѓаат Хелените под командата на Брасида на отворен терен и оставиле еден одред да се движи по нив и да ги вознемирува, а останатите се пуштиле по разбеганите Македонци и ги убивале сите коишто ги пристигнувале. Од другата страна, тие успеале да ја заземат тесната клисура меѓу двата рида што водела во земјите на Арабај, бидејќи знаеле, дека Брасида нема друг пат за отстапување. И кога тој се приближил и навлегол во тој тежок дел од патот, тие го заобиколиле со цел да му го пресечат патот.

Но, кога Брасида ги сфатил нивните намери, им наредил на своите триста одбрани борци, откако им го посочил ридот што тие можеле полесно да го заземат, брзо да се искачат на него, и тоа колку што поскоро може секој еден од нив, без да го запазуваат стројот и да се обидат да ги истиснат барбарите од ридот, коишто веќе се наоѓале таму, пред да стигне поголема барбарска војска и да ги заобиколи. И така тие навалиле и ги совладале барбарите што биле на ридот. Главните сили на хеленската војска можеле да го продолжат својот пат во тој правец, бидејќи барбарите се исплашиле од поразот, што од повисоко место ги натерале во бегство, но освен тоа тие повеќе немале намера да ја прогонуваат војската, бидејќи сметале дека таа е веќе на границата и им се извлекла. Брасида пак, откако ги бил зазел височините, се движел со поголема сигурност: уште истиот ден тој се нашол во Арниса, во владението на Пердика. Војниците (на Брасида), разгневени од тоа што Македонците се повлекле, без

[49] Thuc. IV, 126.

да чекаат, започнале да си присвојуваат сè што наоѓале по својот пат, како впрегнат добиток или пак воена опрема, којашто била испаднатa или оставена, што обично се случувало при едно отстапување ноќно време и при силна уплашеност. Тие го отпрегнувале добитокот и го колеле, а останатото си го присвојувале. Оттогаш Пердика започнал да го смета Брасида за непријател и да ги мрази Пелопонешаните во иднина. Тоа не било во согласност со неговото расположение кон Атињаните, бидејќи се откажал од своите нужни интереси, па настојувал, што побрзо да се помири со Атињаните, а да се оттргне од Пелопонешаните“[50].

Значи, по говорот на охрабрување, Брасида ја повел својата војска во повлекување од обрачот, во строево, речиси оклопно повлекување, од страните тешка пешадија – хоплити со големи штитови, во средината лесната пешадија, со лесни штитови. Тие во секој момент биле подготвени за борба во пресрет. Притоа, брзо ја стегале маршевата колона, прилагодувајќи се на карактерот на земјиштето и активностите на непријателските сили. Кратко речено, при непријателски напад, поставените и кренатите штитови биле мошне сигурна заштита од непријателските стрелци со стрели, а за блиската борба во секој момент имале подготвени ударни единици на чело со својот војсководец.

Линкестите и Илирите, кои се наоѓале на растојание надвор од борбениот допир, веројатно биле изненадени од таквата воена тактика. Според својот начин на војување, тие веројатно очекувале беспоштедна одбранбена борба, во која би можеле да имаат предности, бидејќи самите би го одбирале времето, страната и начинот на нападот. Во тој случај, во нивна корист би работело и одминувањето на времето. Но брзото строево повлекување сосема ги изненадило Линкестите и Илирите. Тие немале толкаво воено искуство за борба со професионално обучена војска од ковот на Спартанците, познати по тоа. Тоа бил судир на две сосема различни воени тактики и стратегии.

Кога го забележале брзиот марш на војската на Брасида, изненадени и недоволно подготвени, Линкестите и Илирите јурнале по нив со сета сила со силни извици и голема врева, мислејќи дека веќе бегаат, па кога ќе ги пристигнат, да ги

[50] Thuc. IV, 127–128.

уништат. Но, секој нивен ударен напад наидувал на контраудар. При отстапниот марш со изложеност на ударот од непријателските сили на крилата и боковите, одредот на Брасида бил принуден на водење на борба во опкружување. Како воено обучен автор, Тукидид нагласува дека здружените напаѓачи биле изненадени од цврстата одбрана и, наспроти нивните очекувања, војската на Брасида го издржала нивниот прв напад и после тоа повторно била подготвена на ист начин да го пресретне секој друг нареден напад.Увидувајќи ја неефикасноста на своите напади и согледувајќи го фактот дека не се во состојба да го попречат нивниот марш во повлекување, Линкестите и Илирите престанале со нападите на отворен простор. Освен тоа, на ум ја имале и разбеганата војска на македонскиот крал Пердика, па оставиле само еден одред да се движи по војската на Брасида и постојано да ја вознемирува, а останатите свои сили ги упатиле по растурената македонска војска, беспоштедно убивајќи ги сите што ќе ги стигнеле. Но не се откажале и од дефинитивното уништување на војската на Брасида, само што го одложиле за конечна борбена пресметка со ново опколување. За таа цел, знаејќи дека Брасида нема друг пат за отстапување, тие ги испратиле дел од своите сили да ја заземат тесната клисура Кирли Дервен меѓу двата рида. Од воен аспект, нивната тактика не била за потценување. Многу неискусни војсководци би подлегнале на таквите искушенија. Но тие пред себе го имале најспособниот војсководец на Спарта во тоа време. Кога војската на Брасида се приближила и навлегла кон теснецот, Линкестите и Илирите започнале да ја опкружуваат, за да ѝ го пресечат патот на отстапување. Искусниот Брасида ја сфатил нивната намера. На своите триста одбрани борци им наредил да се искачат на ридот, без запазување на стројот и да се обидат да ги елиминираат непријателите коишто веќе биле таму позиционирани, пристигнати како претходница на нивните главни сили. Елитната единица ги поразила линкестидските и илириските сили и го зазела ридот, по што продолжило повлекувањето на главните сили кон територијата на Македонското Кралство. Линкестите и Илирите што го бранеле преминот, тешко го примиле поразот и се исплашиле, а бидејќи војската на Брасида веќе била на границата кон Македонското Кралство и се извлекла, тие повеќе и немале намера да ја прогонуваат. Така, војската на Брасида продолжила да се движи со поголема сигурност и уште истиот ден пристигнала во градот Арниса[51], која била првиот пункт од владенијата на Пердика.

[51] Македонскиот град Арниса не е археолошки локализиран на теренот, но тој секако се наоѓал кај

Претходното повлекување на македонската војска на Пердика, Брасида ја окарактеризирал како сојузничко предавство. Со такви чувства, неговите разгневени војници попатно присвојувале сè што ќе најделе на патот, како на пример впрегнат добиток од македонската воена комора или други предмети што им испаднале или биле оставени од брзањето на македонските војници, што било вообичаено при такви брзи и неорганизирани отстапувања, а овојпат уште и хаотично повлекување без централно командување, па уште и ноќе при преголема уплашеност на војската. Во својот бес кон неверните сојузници, војниците на Брасида го отпрегнувале добитокот и го колеле, а другите оставени предмети си ги присвојувале.

Така, од неславниот крај на овој поход, нетрпеливоста помеѓу македонскиот крал Пердика II и спартанскиот војсководец Брасида прераснала во непријателство. Нарушените и веќе непријателски односи со Брасида, го навеле Пердика што поскоро да се претстрои од сојузништвото со Спартанците, кон повторно сојузништво со Атињаните. Состојбите во регионот брзо се менувале и тој не губел време да го договори новото сојузништво.

БИБЛИОГРАФИЈА:

1. Borza, Eugene N. 1990. *In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon*. Priceton, New Jersey: Princeton University Press.

2. Gomme, A. W. 1956. *A Historical Commentary on Thucydides*, Vol. III.Oxford, Clarendon Press.

3. Hammond, N. G. L. 1972. *A History of Macedonia*, Vol.I, *Historical Geography and Prehistory*.Oxford, Clarendon Press.

4. Hammond, N. G. L. & G. T. Grifith. 1979. *A History of Macedonia*, vol. II. Oxford, Clarendon Press.

5. R. Malcolm Errington, 1990. *A History of Macedonia*. Berkeley and Los Angeles: University of California Press.

сегашното истоимено село на северниот дел на Островското Езеро, Воденско, на 25 км од Воден, преименувано од с. Острово по Првата светска војна. Но, постои претпоставка дека Арниса се наоѓала кај сегашното село Петре, поранешно Петерско, на западниот брег на сегашното Петерско Езеро. В.: Фанула Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, 125-126; N. G. L. Hammond and G. T. Grifith, Vol. I, 106; Vol. II 131.

6. *Reljefna karta 1:500.000 Skop*je. 1989. Beograd, Vojnogeografski institut.

7. Roisman, Joseph. 2010. „Classical Macedonia to Perdiccas III“, *A Companion to Ancient Macedonia*, Joseph Roisman & Ian Worthington (eds.). Malden, Wiley-Blackwell, 146-154.

8. Schûtt, C. 1910. *Untersuchungen zur Geschichte deralten Illyrier*. Breslau, 1910.

9. Вулић, Никола. 1926. „Ратовање македонског краља Филипа с Римљанима г. 199 пре Хр. код Битоља, Прилепа итд.“. *Глас Српске Краљевске Академије* CXXI/66. Београд, 1926, 21-38.

10. Кацаров, Гаврилъ И. 1922. *Царь Филипъ II Македонски. История на Македония до 336 год. пр. Христа*. София, Придворна печатница.

11. Лилчиќ, Виктор. 2009. *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија.* Археолошко, историска топографија, том I, Рана антика, *Линкестида и Девриоп.* Скопје, Македонска цивилизација.

12. Микулчиќ, Иван. 1999. *Антички градови во Македонија*. Макропроект „Историја на културата на Македонија“, кн. 8. Скопје, МАНУ.

13. Папазоглу, Фанула. 1957. Македонски градови у римско доба. *Жива антика*, Посебна издања, књ. I. Скопје, 1957.

14. Проева, Наде. 1997. *Студии за античките Македонци*. Historia Antiqua Macedonica, кн. 5. Скопје, Посебни изданија.

15. Проева, Наде. 2004. *Историја на Аргеадите*. Historia Antiqua Macedonica, кн. 8. Скопје, Посебни изданија.

16. Проева, Наде. 2014. *Религијата на античките Македонци.* Historia Antuqua Macedonica, кн. 11. Скопје, Посебни изданија.

17. Симовски, Тодор Христов. 1998. *Населените места во Егејска Македонија,*кн. 2. Скопје, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија.

**18.** Фукидид, *История.* 1999. Перевод и примечания Г. А. Стратиновский. Москва, Научно-издательский центр „Ладомир“ АСТ.